Број 17 Година XIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, септември 2019

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за разрешување на вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје**

1. Се објавува Решението за разрешување на вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје, 11-6220/1 од 26.08.2019 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6884/1**
**Датум: 26.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Број: 11-6220/1
Датум:26.08.2019 година
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 118 став 4 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје**

1. СЕ РАЗРЕШУВА Сали Рухие од вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје, поради истек на мандатот на вршител на должност на директор во ООУ „Братство“-Скопје сметано од 26.08.2019 година.
2. Сали Рухие се распределува на неопределено работно време на работното место одделенски наставник во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје, за вршење на работи кои одговараат на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка, на кои беше распределена пред стапување на вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев, с.р.**

Доставено до:
- Лидија Серафимовска
- ООУ „Братство“-Скопје
- Секторот за дејности од јавен интерес
- Одделение за образование
- Архивата

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за именување на вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје**

1. Се објавува Решението за именување на вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје, 11-6221/1 од 26.08.2019 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6884/2**
**Датум: 26.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Број: 11-6221/1
Датум:26.08.2019 година
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 118 став 1 и 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје**

1. Поради истек на мандатот на вршител на должност на директор во ООУ „Братство“-Скопје, за вршител на должност на директор од редот на вработените во училиштето, СЕ ИМЕНУВА Серафимовска Лидија од Скопје, сметано од 27.08.2019 година.
2. Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите до именувањето на нов директор на училиштето, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 118 став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), Градоначалникот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста-директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.

Согласно став 4 од истиот член вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.

Имајќи го предвид горе наведеното се донесе решението како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА:

Против ова решение незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стефан Богоев, с.р.**

Доставено до:

- Лидија Серафимовска
- ООУ „Братство“-Скопје
- Секторот за дејности од јавен интерес
- Одделение за образование
- Архивата

СОДРЖИНА

1. Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје, со Заклучок за објава
2. Р Е Ш Е Н И Е за именување на вршител на должност на директор во ООУ „БРАТСТВО“-Скопје, со Заклучок за објава

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**